# Финансиски извештаи на сметката за приходи од самофинансирачки активности и

# Извештај на Независните Ревизори

## Државен завод за геодетски работи, Скопје

31 декември 2007 година

# Содржина


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на Независните Ревизори | 1 |
| Биланс на состојба | 3 |
| Биланс на успех | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 |

Grant Thornton

# Извештај на Независните Ревизори

**Grant Thornton DOO**
M.H.Jasmin 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството на

Државен завод за геодетски работи, Скопје

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на сметката за приходи од самофинансирачки активности на Државниот завод за геодетски работи, Скопје ("Заводот") составени од Биланс на состојба на ден 31 декември 2007, и Биланс на успех за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 9.

Финансиските извештаи на сметката за приходи од самофинансирачки активности на Заводот со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2006 не се ревидирани. Поради тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи со состојба и за годината што заврши на 31 декември 2006. Понатаму, било какви корекции, кои можеби ќе беа потребни да се направат доколку беше извршена таква ревизија, би можеле да имаат материјално значаен ефект врз резултатите од работењето за годината што заврши на 31 декември 2007. Поради тоа, ние не сме во состојба и не изразуваме мислење во однос на придружниот Биланс на успех за годината што заврши на 31 декември 2007.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија како и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Заводот со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Заводот. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека наведените финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат објективно финансиската состојба на сметката за приходи од самофинансирачки активности на Заводот на ден 31 декември 2007 во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија, Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Grant Thornton,**

Скопје,
05 Јуни 2009 година

# Биланс на состојба

(Во илјади Денари)
На 31 декември

| | Белешка | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 3 | 92,342 | 35,784 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 4 | 8,870 | 14,038 |
| Побарувања по ДДВ | | 1,062 | 1,477 |
| Пресметани трошоци | 5 | 3,469 | 5,809 |
| **Вкупно средства** | | **105,743** | **57,108** |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пресметани ненаплатени побарувања | 4 | 8,870 | 13,959 |
| Обврски за ДДВ | | 1,062 | 1,477 |
| Обврски спрема добавувачи | 5 | 3,469 | 5,941 |
| Обврски за данок на добивка | | 973 | 4,221 |
| Добивка за годината | | 91,369 | 31,510 |
| **Вкупно обврски** | | **105,743** | **57,108** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Заводот на 28 февруари 2008 година и потпишани во нејзино име од:

**Љупчо Георгиевски**
Генерален
Директор

**Ружа Џветаноска**
Раководител на
сектор за финансии

**Јованка Здравеска**
Раководител на одделение за
финансово и материјално
работење

# Биланс на успех

(Во илјади Денари)

Година што завршува на 31 декември

| | Белешка | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| Приходи од основна дејност | 6 | 182,409 | 118,713 |
| Останати оперативни приходи | 7 | 34,501 | 5,539 |
| | | **216,910** | **124,252** |
| Тековни трошоци | 8 | (92,962) | (74,374) |
| Капитални расходи | 9 | (20,227) | (12,687) |
| **Добивка пред оданочување** | | **103,721** | **37,191** |
| Данок на добивка | 10 | (12,352) | (5,681) |
| **Добивка за годината** | | **91,369** | **31,510** |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1 Општи информации

Државен завод за геодетски работи, Скопје (во понатамошниот текст "Заводот") е правно лице во државна сопственост.

Основна дејност на Заводот е формирање и управување со геодетско-катастарскиот информационен систем, основни геодетски работи, премер на недвижности, запишување на права на недвижности, востановување и одржување на катастарот на недвижности, геодетски работи за посебни намени кои се од значење за Република Македонија утврдени од Владата на РМ, изготвување државни топографски карти, водење регистар на просторни единици, воспоставување, одржување и овозможување јавен пристап до националната инфраструктура на просторните податоци и надзор на работењето на трговците поединци - овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи.

На 31 Декември 2007 година Заводот имаше 821 вработени (2006: 821).

## 2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Сметководствените политики се конзистентно применети на сите периоди објавени во овие финансиски извештаи.

## 2.1 Основи за подготовка

Финансиските извештаи на сметката за приходи од самофинансирачки активности се подготвени во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија"бр.61/02, 98/02 и бр.81/05) и Правилник за сметководство на буџети и буџетски корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06 и 8/09). Со овој правилник се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, организацијата на сметководството, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата и пописот на Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите на фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, како и на другите правни лица за кои средствата за вршење на основната дејност претежно се обезбедуваат од буџетите.

## 2.2 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и другите приливи кај Државниот завод за геодетски работи во Билансот на успех се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

Проценети приходи во Билансот на успех се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите, приходи од самофинансирачки активности, приходи од кирии и закупнини, приходи од донации, приходи од кредити и позајмици и неданочни приходи.

Како приходи не се признаваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

Расходите и другите одливи во билансот на успех се признаваат според сметководственото начело на парично искажување во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

Проценетите расходи во Билансот на успех се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите, кредитите и позајмиците.

Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

Како расходи не се признаваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажани на товар или во полза на капиталните средства.

## 2.3 Проценување на билансните позиции

Државниот завод за геодетски работи води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивна набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Републука Македонија на денот на билансирањето.

Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 100 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

## 2.4 Данок од добивка

Тековниот данок од добивка се пресметува врз основа на важечкиот закон за данок од добивка на датумот на билансирање. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно. Крајниот данок по стапка од 12% (2006: 15%) се пресметува на утврдената добивка од билансот на успех, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби. Овие корекции главно се однесуваат на зголемување на даночната основа за одредени трошоци кои не се признаваат за целите на оданочувањето.

Во согласност со даночната регулатива на Република Македонија, даночните загуби од претходните три години може да се користат за намалување на тековната обврска за данок на добивка. Исто така, даночната загуба од тековната година може да се употреби за намалување или елиминирање на даночната обврска во наредните три години.

Даночните обврски се сметаат како конечни со настанување на поранюот од следните датуми:
-истекот на десет години сметајќи од годината во која настанала обврската за данок; и
-моментот кога е извршена целосна даночна контрола од страна на даночните власти.

### 3 Парични средства

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Тековни сметки во домашна валута кај домашни банки | 92,342 | 35,784 |
| | **92,342** | **35,784** |

### 4 Побарувања од купувачи и останати побарувања

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 1,829 | 1,974 |
| Сомнителни и спорни побарувања | 6,390 | 11,287 |
| Побарувања од вработените | 510 | 777 |
| Побарувања по други основи | 141 | - |
| | **8,870** | **14,038** |

Со состојба на 31 декември 2007 и 2006 година побарувањата од вработените се состојат од аванси дадени за службени патувања.

Со состојба на 31 Декември 2007 и 2006, пресметаните ненаплатени побарувања изнесуваат 8,870 илјади Денари и 13,959 илјади Денари соодветно.

### 5 Пресметани трошоци

Со состојба на 31 декември 2007 и 2006 година, пресметаните трошоци во износ од 3,469 илјади Денари и 5,809 илјади Денари соодветно, се однесуваат на тековни трошоци за месец декември, платени во јануари следната година.

Со состојба на 31 Декември 2007 и 2006, обврските кон добавувачи изнесуваат 3,469 илјади Денари и 5,941 илјади Денари соодветно.

### 6 Приходи од основна дејност

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од катастарски услуги | 131,853 | 55,121 |
| Приходи од геодетски услуги | 38,195 | 52,113 |
| Надомест за изработка на планови и вештачења | 12,361 | 11,479 |
| | **182,409** | **118,713** |

### 7 Останати оперативни приходи

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Пренесен вишок на приходи од мината година | 31,673 | 4,651 |
| Приходи од уплатен депозит | 1,217 | - |
| Приходи од лиценци за геодетска пракса | 574 | 669 |
| Приходи од продажба на основни средства | 331 | 29 |
| Приходи од осигурителни штети | 12 | 110 |
| Останати приходи | 694 | 80 |
| | **34,501** | **5,539** |

Приходите од уплатен депозит во текот на 2007 година во износ од 1,217 илјади Денари се однесуваат на уплата извршена од страна на Гисдата доо, Загреб врз основа на отворен повик за набавка на информационен систем за електронски катастар. Овие средства во текот на 2008 година се вратени на уплатувачот и соодветно признаени како расход во билансот на успех за 2008 година.

**Белешки кон финансиските извештаи (продолжува)**
**Со состојба на и за годините што завршуваат на 31 Декември 2007 и 2006 година**
**(Сите износи се изразени во илјади Денари освен доколку не е поинаку наведено)**

## 8 Тековни трошоци

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Трошоци за електрична енергија, пошта, водовод | 28,344 | 28,506 |
| Трошоци за агенција за привремено вработување | 18,520 | 16,752 |
| Платен ДДВ | 17,079 | 9,380 |
| Канцелариски материјали | 8,911 | 4,015 |
| Дневници за службени патувања | 7,126 | 8,072 |
| Поправка и одржување | 5,317 | 4,951 |
| Премии за осигурување | 1,239 | 28 |
| Изнајмување на канцелариски простор | 773 | 68 |
| Трошоци за репрезентација | 389 | 578 |
| Услуги за копирање, печатење | 64 | 15 |
| Останати трошоци | 5,200 | 2,009 |
| | **92,962** | **74,374** |

## 9 Капитални расходи

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Набавка на информатичка опрема и компјутерски софтвер | 14,621 | 12,097 |
| Набавка на опрема за греење и климатизација | 2,687 | - |
| Реконструкција на деловни објекти | 1,711 | - |
| Набавка на канцелариска опрема | 1,192 | 590 |
| Набавка на друга опрема | 16 | - |
| | **20,227** | **12,687** |

## 10 Данок на добивка

Усогласувањето на данокот од добивка со тековната добивка е како што следи:

| | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Добивка пред оданочување | 103,721 | 37,192 |
| Данок по даночна стапка од 12% (2006:15%) | 12,447 | 5,579 |
| Усогласување за: | | |
| Неодбитни трошоци за даночни цели | 322 | 102 |
| Неоданочиви приходи за даночни цели | (417) | - |
| **Даночен трошок за годината** | **12,352** | **5,681** |

## 11 Потенцијални обврски

Даночни обврски

Даночните власти можат во секое време да извршат преглед на деловните книги и евиденцијата 5 до 10 години последователно по годишната даночна пријава и можат да наметнат дополнителни оданочувања и казни. Според тоа, даночните обврски не може да се сметаат за конечни. Дополнителните даночни обврски кои би произлегле од прегледот на деловните книги од страна на даночните власти, не можат да се утврдат со разумна точност.